РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-78/2

10-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава на познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 54-та седница одржана на ден 01.11.2021 година ја донесе следната

**Одлука**

Постапката по предметот број 12 - 2982 од 2020 година оформен врз основа на пријава доставена од познат подносител, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување од причина што по предметот постапува друг надлежен орган.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2982 од 2020 година е оформен по пријава со број 12-2982/1 од 02.09.2020 година, со наводи за сомневање за финансирање на изборна кампања од недозволени извори на финансирање од страна на политичката партија „------------ - ------------- -------------------- ---------------".

Заради утврдување на фактичката состојба, а во рамки на своите надлежности дефинирани со член 35 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, *,,Ако се појави сомневање дека политичка партија или кандидат на изборите користеле средства противправно или од анонимни извори, ДКСК ќе побара од надлежните органи за извршат проверка на изворот на средствата и до неа да достават детален извештај за користењето на средствата"*, ДКСК достави барање број 03-3617/3 од 19.10.2020 година до Управа за финансиско разузнавање за нивно надлежно постапување во однос на наводите во пријавата.

По извршениот увид во доставениот одговор, ДКСК констатира дека предметните наводи се основани, а со утврдената фактичка состојба по предметот констатирана е повреда на закон, по што од страна на ДКСК на 45-та седница одржана на 29.12.2020 година донесена предлог за поднесување Иницијатива до Основното јавно обвинителство Скопје за кривично гонење на овластените лица --------- ------------- - претседател на политичката партија „----------- - ------------- ------------------- ---------------" и --------- -----------генерален секретар на политичката партија „------------ - ------------ ------------------- ---------------", поради постоење основи на сомневање дека сториле кривично дело Злоупотреба на средствата за финансирање на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

изборната кампања од член 165-а од Кривичниот законик на Република Северна Македонија затоа што свесно и намерно ја искористиле својата положба или овластување и овозможиле финансирање на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори 2020 и на својата политичката партија „------------ - ------------ ------------------- ---------------"од недозволени извори спротивно на член 83 став 1 алинеја 4 и извори кои не се предвидени со Член 83 став 2 од Изборниот законик. Иницијативата на ДКСК е заведена под архивски број 12-78/1 од 05.01.2021 година и истата е доставена врз основа на член 17 од Законот за спречувањето на корупција и судирот на интереси.

Од страна на надлежниот орган до кој е поднесена иницијативата, (Основното јавно обвинителство Скопје), не е доставено произнесување или известување по однос на инцијативата доставена од ДКСК, поради што на ден 29.10.2021 година, ДКСК достави барање информација со број 12-531/5 , а со кое е побарано одговор од надлежниот орган во врска со нивното надлежно постапување по предметната иницијатива.

Со оглед на сето погоре констатирано, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, од причина што по предметот постапува друг надлежен орган а по преземените дејствија на ДКСК - инцијативата покрената за поведување постапка за кривично гонење поднесена од страна на ДКСК, не е доставено произнесување од страна на надлежниот орган до кој истата е поднесена, и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Доставено до:
- Подносителот

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил : К.Н, Член на ДКСК